РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2015 година

# СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 4

Инфлација ... 5

Берзански цени ... 6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ... 11

Буџетски расходи ... 12

Буџетско салдо ... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 13

Плати ... 14

Пензии ... 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 15

Депозитен потенцијал ... 16

Кредити на банките ... 17

Каматни стапки на депозитни банки ... 17

Пазар на капитал ... 17

Девизни резерви ... 18

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2015 година

- Индустриското производство во ноември 2015 година во споредба со ноември 2014 година забележа раст од 11,5%;

- Потрошувачките цени во ноември 2015 година се намалија за 0,3% на годишна основа, по падот од 0,5% регистриран претходниот месец;

- Извозот во периодот јануари – ноември 2015 година забележа раст од 8,3%, а увозот раст од 5,0%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 2,3% споредено со истиот период минатата година;

- Во периодот јануари – ноември 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 145.380 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 11,6% во однос на истиот период 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 161.533 милиони денари, што е за 8,1% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 7,9% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрира раст од 6,6%.

## Индустриско производство

Во ноември 2015 година, индустриското производство забележа раст од 11,5% во споредба со ноември 2014 година, со што продолжува периодот на висок раст на производството. Притоа, раст од 17,5% е забележан во секторот Преработувачка индустрија, додека пад е забележан во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 21,3% и Рударство и вадење камен од 1,0%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во ноември 2015 година има Производството на моторни возила, приколки и полуприколки (4,1 п.п.), а најголем негативен придонес има Вадењето руди на метал (0,9 п.п.).




* Раст од над 100% е забележан во категоријата Преработка на дрво и производи од дрво и плута и Производство на моторни возила, приколки и полуприколки.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во ноември 2015 година во однос на ноември 2014 година покажуваат зголемување на производството во групите: Капитални производи од 34,2%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 22,5%, Трајни производи за широка потрошувачка од 11,5% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,4%. Пад на производството е забележан единствено во групата Енергија од 16,9%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во ноември 2015 година забележа раст од 2,1%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,6%. Пад е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 2,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,3%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување има кај групите: Капитални производи за 17,2% и Интермедијарни производи, освен енергија за 3,5%, додека пад на бројот на работници е регистиран кај групите: Енергија за 2,6%, Трајни производи за широка потрошувачка за 2,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2015 година е поповолна и во однос на претходниот месец и во однос на ноември 2014 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември 2015 година изнесува 64,1%, што претставува зголемување во однос на октомври 2015 година, кога изнесуваше 64,0%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,9 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември 2015 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 25,0%, недоволната домашна побарувачка со 24,5%, недостигот на квалификувана работна сила со 23,1%, финансиските проблеми со 5,8%, конкурентниот увоз со 5,7% и неизвесното економско опкружување со 4,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември 2015 година во однос на октомври 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, Залихите на готови производи се исто така значително зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2015 година издадени се 318 одобренија за градење, што претставува зголемување од 13,2% во однос на истиот месец претходната година. Во однос на октомври 2015 година, кога биле издадени 326 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 2,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2015 година во

однос на ноември 2014 година е зголемена за 66,1%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи зголемување од 18,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 201 (или 63,2%) се наменети за објекти од високоградба, 36 (или 11,3%) за објекти од нискоградба и 81 (или 25,5%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 318 издадени одобренија за градба, на 221 (или 69,5%) објект како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 97 објекти (или 30,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Во ноември 2015 година предвидена е изградба на 539 стана, со вкупна корисна површина од 43.785 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 49,3% во однос на истиот месец 2014 година, а во однос на октомври 2015 година е намален за 38,0%.




## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2015 година се намалија за 0,3% на годишна основа, по падот од 0,5% регистриран претходниот месец.

Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - ноември 2015 година изнесува -0,3%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во ноември забележа годишен пад на цените од 0,4%, како резултат на намалените цени во повеќе поткатегории, при што падот е највисок во поткатегориите Месо од 2,3% и Зеленчук од 1,5%.

Годишен пад на цените во ноември е регистриран и во категориите Транспорт и Комуникации, при што цените во овие категории се намалени за 7,9% и 4,2%, соодветно. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун од 5,1%, следена со порастот на цените во категориите Рекреација и култура од 3,6%, Здравје од 3,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 2,4%, Ресторани и хотели од 0,9%, Облека и обувки од 0,7%, Останати стоки и услуги од 0,5%, Образование од 0,4% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.




Потрошувачките цени во ноември 2015 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец.

Месечен раст на цените е регистриран во категориите: Облека и обуки од 0,9%, Рекреација и култура и Останати стоки и услуги од по 0,7%, Образование и Комуникации од по 0,3% и Ресторани и хотели од 0,1%. Намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите Транспорт и Здравје од 0,2% и 0,1%, соодветно. Цените во категориите Храна и безалкохолни пијалаци, Алкохолни пијалаци, тутун, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети.

Цените на мало во ноември 2015 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,8%, додека споредено со претходниот месец се повисоки за 0,1%. Цените на мало во периодот јануари - ноември 2015 година се намалени за 1,4%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2015 година забележа пад од 7,7% во однос на претходниот месец и изнесуваше 44,4 долари за барел. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 43,4%. Цената на природниот гас во ноември 2015 година, во однос на октомври, се намали за 6,1%.

Што се однесува до металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, во ноември 2015 година се тргуваше со просечна




цена од 9.244 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува намалување на цената од 10,4% на месечна основа. Во ноември, месечен пад на цените се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на цинкот се намали за 8,2%, на бакарот за 8,0%, на калајот за 6,6%, на оловото за 5,9% и на алуминиумот за 3,2%. Цената на железната руда во ноември 2015 година во однос на претходниот месец бележи пад од 11,3%. Во однос на благородните метали, цената на платината во ноември се намали за 9,4%, на среброто за 8,6% и на златото за 6,3%.




Анализирано на месечна основа, во ноември цената на пченицата на светските берзи се зголеми за 2,5%, додека, пак, цената на пченката се намали за 3,1%. Цената на јагнешкото месо во ноември 2015 година во однос на претходниот месец забележа намалување од 1,5%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите единаесет месеци од 2015 година изнесува 8.951,0 милиони евра, што претставува раст од 6,3% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари–ноември 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,5%, што претставува намалување од 0,5 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - ноември 2015 година изнесува 3.714,6 милиони евра и бележи раст од 8,3% (284,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 1,8%.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2015 година изнесува 349,1 милион евра и бележи раст од 2,1% (7,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 2,0%.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2015 година извозот бележи пад од 5,3% (19,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 2,4% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 52,2% од вкупниот извоз на државата.



Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – ноември 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 8,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 2,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 77,0% и 12,5% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – ноември 2015 година изнесува 5.236,4 милиони евра и бележи раст од 5,0% (248,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 3,4%.

Вредноста на увозот во ноември 2015 година изнесува 517,7 милиони евра, што претставува зголемување за 12,5% (57,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини стоки се зголемени за 23,0%.




Анализирано на месечно ниво, во ноември 2015 година увозот бележи пад од 3,2% (17,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот тој регистрира месечен раст од 2,0%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2014 | I - XI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 119,0 | 58,9 | -60,1 | -50,5 |
| Мил. ЕУР | 50,6 | 31,7 | -18,9 | -37,4 |
| Мил.$ | 67,6 | 35,2 | -32,4 | -47,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2014 | I - XI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 861,8 | 843,4 | -18,3 | -2,1 |
| Мил. ЕУР | 495,9 | 381,7 | -114,2 | -23,0 |
| Мил.$ | 663,7 | 423,9 | -239,8 | -36,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2014 | I - XI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,7 | 14,5 | 2,8 | 24,1 |
| Мил. ЕУР | 600,5 | 710,8 | 110,3 | 18,4 |
| Мил.$ | 799,7 | 788,7 | -11,1 | -1,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2014 | I - XI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 29,4 | 28,6 | -0,7 | -2,5 |
| Мил. ЕУР | 81,0 | 113,8 | 32,8 | 40,5 |
| Мил.$ | 108,3 | 126,2 | 17,9 | 16,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2014 | I - XI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 554,6 | 540,4 | -14,2 | -2,6 |
| Мил. ЕУР | 512,4 | 491,8 | -20,6 | -4,0 |
| Мил.$ | 683,3 | 544,8 | -138,5 | -20,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2014 | I - XI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 508,1 | 590,7 | 82,6 | 16,3 |
| Мил. ЕУР | 249,4 | 270,7 | 21,3 | 8,5 |
| Мил.$ | 332,1 | 299,7 | -32,4 | -9,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите единаесет месеци од 2015 година, трговскиот дефицит се намали за 2,3% односно 35,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2015 година, трговскиот дефицит се зголеми за 42,9% односно 50,6 милиони евра споредено со ноември минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – ноември 2015 година, 78,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Турција, а потоа следуваат: Кина, Италија, Јужна Африка, Русија, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 82,0% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 2,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 88,0% и 77,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,6 п.п., додека кај увозот е зголемена за 3,5 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - XI - 2014 | | | | | I - XI - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.944,4 | 3.705.643.367 | 61,6249 | 228.359.901.935 | 74,3 | 3.205,2 | 4.072.523.181 | 61,6051 | 250.888.197.834 | 77,8 | 366.879.814 | 9,9 |
| УСД | 2.498,7 | 1.355.978.605 | 46,1194 | 62.536.919.697 | 20,3 | 2.422,6 | 1.218.801.879 | 55,3847 | 67.502.976.447 | 20,9 | -137.176.726 | -10,1 |
| ГБП | 5,2 | 184.833.371 | 76,2965 | 14.102.139.278 | 4,6 | 6,0 | 18.991.500 | 84,8448 | 1.611.330.030 | 0,5 | -165.841.871 | -89,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.448,3 | | | 304.998.960.910 | 94,6 | 5.633,8 | | | 320.002.504.312 | 99,2 | | |
| вк извоз: | 5.458,3 | | | 307.399.157.621 | 100,0 | 5.644,2 | | | 322.614.219.645 | 100,0 | | 4,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2015 година изнесуваа 145.380 милиони денари, односно 26,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 11,6% во однос на истиот период од 2014 година.




Даночните приходи во овие единаесет месеци се реализирани во износ од 83.531 милион денари, односно 15,1% од БДП, и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 11,0%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 38.698 милиони денари, односно 7,0% од БДП, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 46,3%. Акцизите се остварени во износ од 18.185 милиони денари (учество од 21,8% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока во овој единаесетмесечен период остварени се приходи од 56.883 милиони денари, што претставува 68,1% од вкупните даночни приходи (10,3% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 55.453 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16.755 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 2,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 12,7% споредено со истиот период од 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ, најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува зголемување од 2,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 4,5%. Учеството на ДДВ донациите е незначително и забележува помало остварување за 75,4%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 11.091 милиони денари и забележуваат раст од 4,1% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 68,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични

примања, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,8% по основ на договор на дело, 6,5% од приходи од капитал и 3,8% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период од 2014 година приходите од данокот на добивка во износ од 11.065 милиони денари забележаа зголемување од 140,5%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 47,0% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 40,3%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 5,5% и 6,3% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 1,5%, додека акцизите забележаа зголемување од 14,0%. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.916 милиони денари и забележаа зголемена реализација за 2,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 576 милиони денари забележаа намалување од 36,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 11.891 милиони денари и во однос на истиот период од 2014 година забележаа раст од 23,6% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 2.102 милиони денари, што претставува зголемување од 24,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.951 милиони денари, односно за 23,7% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 43.048 милиони денари, што е за 8,5% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,5%, кај придонесите за здравствено осигурување од 8,6% и кај придонесите за вработување од 8,4%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2015 година изнесуваа 161.533 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што е за 8,1% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 146.442 милиони денари се зголемени за 8,3% во однос на истиот период од 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 102.635 милиони денари и учествуваа со 63,5% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 22.556 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,0%, а во однос на 2014 година се зголемени за 6,9%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 15.672 милиони денари, со учество од 9,7% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се реализирани за 14,9% повеќе.

Социјалните трансфери изнесуваа 76.050 милиони денари и забележаа раст од 6,9% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 47,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 46.038 милиони денари, со реализација која е зголемена за 4,1%, споредено со истиот период од 2014 година и  учество од 28,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,7%, односно забележа зголемување од 3,7%, споредено со истиот лани. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.357 милиони денари, беа реализирани за 4,6% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 10.336 милиони денари учествуваат со 6,4% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 5.579 милиони денари, што е за 34,0% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во странство и во земјата. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 7,7%, додека каматите за задолжување во странство за 66,3%.

Во анализираниот единаесетмесечен период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 15.091 милиони денари што претставува раст од 6,5% споредено со истиот период од 2014 година и структурно учество од 9,3% во вкупните расходи  (2,7% учество во БДП).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари - ноември 2015 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 16.153 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 12.795 милиони денари.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – ноември  2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 172.869 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е поголем за 7,8% во однос на истиот период од 2014 година.




Од вкупниот број нововработени, 48,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број

засновани нови работни односи во ноември 2015 година, 23,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 211.294, од кои 115.784 се активни баратели на работа, а 95.510 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,9%.

Најголем дел од невработените лица (68,9%) се градско население, а 58,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 53,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,3% се со завршено средно образование, додека 15,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.



Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 51,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,3% чекаат 8 и повеќе години.



Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2015 година оствари годишен раст од 2,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,9%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (34,2%), Административни и помошни услужни дејности (9,3%) и Други услужни дејности (8,3%). Реалните плати во октомври забележаа годишен раст од 2,8%.



Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2015 година оствари годишен раст од 2,4%, а во однос на претходниот месец таа е повисока за 0,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација

(28,7,%), Административни и помошни услужни дејности (9,3%) и Други услужни дејности (8,3%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,9%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во октомври 2015 година изнесува 1,2% и во однос на истиот месец претходната година е понизок за 0,2 п.п, а за 0,2 п.п. повисок во однос на септември 2015 година.

## Пензии

Во ноември 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 299.870 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е зголемен за 1.100 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,6% се корисници на старосна пензија, 25,5% на семејна пензија и 13,9% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во ноември 2015 година изнесува 13.050 денари и е за 5,0% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,8%.

Просечната старосна пензија во ноември изнесува 14.434 денари, просечната инвалидска пензија 11.781 денари, а просечната семејна пензија 10.427 денари. За исплата на пензиите во ноември 2015 година се потрошени 3.814,85 милиони денари, што претставува 52,6% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*




Во ноември 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во ноември 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 4,0% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 12,5%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа намалување за 3,2%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа раст од 0,7%, при раст на вкупните ликвидни средства на банките од 1,7% и пад на готовите пари во оптек од 0,4%.

## Депозитен потенцијал

Во ноември 2015 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,8% на месечно ниво.

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( ноември 2015) | Во милиони | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **296426** | **0,8%** | **6,6%** |
| Денари | *175043* | 0,8% | 7,8% |
| Странска валута | *121383* | 0,8% | 4,9% |
| Краткорочни | *147172* | 0,8% | 0,2% |
| Долгорочни | *81118* | 0,5% | 5,9% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **270972** | **0,6%** | **7,9%** |
| Денари | *216692* | *0,5%* | 10,7% |
| Странска валута | *54280* | 1,2% | -1,8% |

Извор: НБРМ

Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата забележаа раст од по 1,6% и 0,5%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за по 0,8%.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2015 година оствари раст од 6,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 7,8%, а депозитите во странска валута се зголемија за 4,9%.




[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 4,5%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 9,6%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 5,9%, додека краткорочните депозити се зголемија за 0,2%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,1%.

## Кредити на банките

Во ноември 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,6% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во ноември кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,8%, а кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,5%. Од аспект на валутата, во ноември 2015 година денарските кредити се зголемија за 0,5%, а девизните кредити забележаа раст од 1,2% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во ноември 2015 година вкупните кредити се зголемија за 7,9%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 4,5% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 1,8%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,5%, а краткорочните кредити се повисоки за 0,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2015 година, каматните стапки бележат надолни поместувања на месечна основа. Имено, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,6% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити и девизните кредити се непроменети во однос на минатиот месец и изнесуваат 6,9% и 5,8%, соодветно. Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември изнесува 1,9% и е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 2,6%, додека каматната стапка на девизните депозити е непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 1,1%.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во ноември 2015 година регистрира зголемување од 55,0% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување и од блок трансакциите за 86,2% и 38,7%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2015 година изнесуваше 357 милиони денари што претставува раст од 28,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во ноември 2015 година изнесуваше 1.766,59 индексни поени, што претставува раст од 2,2% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 4,8%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2015 година изнесуваа 2.203,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 15,4 милиони евра, додека во однос на ноември минатата година се намалени за 213,7 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk